**Влада на Република Северна Македонија**

**Генерален секретаријат**
**Комисија за организации со статус од јавен интерес**

| | |
|---|---|
| Дата: | 07.07.2025 |
| Архивски број: | 23-12/5 |
| До: | **Министерство за финансии** |
| Предмет: | **Барање на мислење по дополнување на Финансиски и Ревизорски извештај** |
| Врска: | **Бр. 13-3816/2 од 16.6.2025 година** |

Почитувани,

Согласно член 85 став (1) од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/2022), организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Северна Македонија за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

Согласно став (2) од горенаведениот член, извештаите се поднесуваат согласно обрасците пропишани со Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на Република Македонија" бр.18/11).

Воедно, здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија е должно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако има буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, согласно член 86 став (1) од Законот.

Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија- Скопје се стекна со статус на организација од јавен интерес со решение на Владата Бр. 41-6879/1 од 27.9.2022 година.

Министерството за финансии даде мислење на Деловниот и финансискиот извештај на Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија- Скопје за 2024 година (13-3816/2) и утврди дека финансискиот извештај не е поднесен на пропишаниот образец согласно горенаведениот Правилник.

Министерството за финансии утврди дека според податоците презентирани во деловниот извештај за 2024 година, Сојузот има вкупен буџет во износ од 9.759.487 денари, при што е должен да

постапи по одредбите од член 86 од Законот за здруженија и фондации и да достави комплетен извештај за извршената ревизија на финансиското работење.

Ве молиме за мислење по дополнувањето на Финансискиот извештај и Ревизорскиот извештај за 2024 година на Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија - Скопје, што ви се доставува во прилог.

Со почит,

Генерален секретар на Влада на Република
Северна Македонија
Игор Јанушев

Изработил: Весна Тасевска
Одобрил: Сузана Никодијевиќ-Филиповска

Прилог: Дополнување на Финансиски извештај и Ревизорски извештај на Сојуз на пензионери на Македонија за 2024 година